Број: 11 – 853/4
Датум: 02.02.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 22, став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со дел II Проектни активности, точка 2. Еднократна финансиска поддршка за културни активности (Службен гласник на Општина Карпош бр. 16/2023, 02/2024, 03/2024), а во врска со член 2 од Одлуката за објавување на Јавен оглас за Еднократна финансиска поддршка за културни активности бр. 11-853/2 од 30.01.2024 година Комисија за реализирање на Карпошово културно лето 2024, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата, објавува

**Јавен оглас**
**за доделување на Еднократна финансиска поддршка за културни активности**

## I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички лица, жители на Општина Карпош, и правни лица регистрирани во Општина Карпош кои имаат потреба за подршка на креативни интересни проекти и активности кои придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко. Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги барат средствата.

## II. Потребни документи и услови за учество

- Жители на Општина Карпош и
- Изработен проект со Финансиски план на проектот.

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка

- досегашни и идни планирани домашни и меѓународни настапи,
- постигнати успеси,
- проектот да е од посебен интерес од обласа на културата

## IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Комисијата е должна доставената документација претходно да ја проверува, да подготвува мислење и истите да ги достави до Градоначалниот. Висината на оваа финансиска подршка е до 30.000,00 денари и ќе се доделува еднаш годишно.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се достават по пошта на ул. Радика бр.9 - Скопје или во Архивата на Општина Карпош (во затворен плик), барака бр.2, со ознака „Не отворај“ и со назнака „За доделување на Еднократна финансиска поддршка за културни активности“.

## VI. Рок за поднесување на документите

Огласот трае до исцрпување на предвидените финансиски средства, но со услов одобрените средства да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2024 година.

ОПШТИНА КАРПОШ
Комисија за еднократна финансиска поддршка
за културни активности